Бр./Nr 12-5180/2
20-11-2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, на продолжението на 41-та седница одржано на 12.11.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена од непознат подносител, до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-5180/1 од 12.11.2019 година, во која се укажува на сомневања за дискриминација при вработување и остварување на правата од работен однос во оглас бр.230/2019 од Општина ------------ каде лицата се веќе познати и работните места се креирани и се однесуваат на претходно обезбедени кандидати, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по увидот во содржината на пријавата утврди дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметот.

Предметот со број 12-5180/1 од 12.11.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-5180/1 од 12.11.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител.

Во пријавата се укажува на сомневање за дискриминација при вработување и остварување на правата од работен однос во оглас бр.230/2019 од Општина ------------- каде лицата се веќе познати и работните места се креирани и се однесуваат на претходно обезбедени кандидати. За предметниот оглас во пријавата се наведува дека лицата се веќе ангажирани преку агенција за привремени вработувања, измените на правилникот за систематизација се извршени за лицето кое Градоначалникот го подготвува за вработување, апликациите на кандидатите им ги подготвува вработен во општината, кандидатите во фазите за вработување ќе користат службено возило од општината и се наведува дека на работно место број 1 ќе биде вработено лице со информатика, а на работно место број 4 ќе биде вработено лице социолог. Дополнително, наведено е дека со вака објавениот оглас се собираат политички поени и се одвива после

постигнувањето на датум за предвремени парламентарни избори, а при тоа запазувајќи да се завршат фазите до формирањето на техничка влада.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата констатира дека станува збор за тековен оглас во моментот на поднесување на пријавата, а подносителот пријавата ја заснова на претпоставени дејствија во однос на пријавениот оглас.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата, оцени дека се работи за пријава која не содржи елементи за нејзино надлежно постапување согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: Б.К.Ш, Советник
Одобрил: С.П.Д, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**